Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок на дел дневните настани 18.08.2022

На 17.08.2022 околу 15.15 часот, на улица „Гоце Делчев“ во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода К.С.(52) и М.А.(60) од Гостивар, затоа што при преглед кај К.С. биле пронајдени 34 пакувања хероин. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе следуваат поднесоци за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“.

На 17.08.2022 во 17.50 часот од страна на полициски службеници од Полицискoто одделение Новаци лишен е од слобода Ѓ.М.(33) од Битола. Тој се сомничи дека извршил кривично дело кражба, пријавено непосредно пред тоа од страна на П.Н., вработен како обезбедување во РЕК Битола. Лицето е приведено во полициска станица и против него ќе биде поднесена соодветна пријава, а украдените предмети се вратени на сопственикот.

На 18.08.2022 во 02.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода В.Н.(28) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (17.08.2022) во 11.00 часот го лишиле од слобода 41-годишниот И.С. од тетовско Селце-Кеч, кој два часа претходно од штала во тетовската населба Вонвардарска, сопственост на 48-годишниот А.С. од тетовска Мала Речица, поради претходни нерасчистени должничко-доверителски односи, противправно одзел повеќе грла добиток. Одземениот добиток е пронајден и вратен му е на сопственикот, а по документирање на случајот на И.С. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Вчера (17.08.2022) во 17.30 часот на подрачје на Гази Баба полициски службеници од Полициска станица Гази Баба од слобода го лишиле З.С.(50) од с.Трубарево, скопско. Тој се барал по судска наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување на изречена мерка притвор, во врска со истрага поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво“, казниво по чл.237 ст.4 од Кривичниот законик.

Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на мерката притвор.

Денеска (18.08.2022) во 04.00 часот на ул.„11 Октомври“ во Прилеп од полициски службеници е лишен од слобода Е.Ќ.(36) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување на кривично дело „кражба“ од патничко возило, со прилепски регистарски ознаки. Е.Ќ. бил приведен во полициска станица и по комплетно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2022 во 17.00 часот од полициски службеници на ОВР Кичево лишена е од слобода А.М.(30) од кичевското село Лисичани. При преглед извршен на улицата „11 Септември“ во Кичево, полициските службеници кај неа пронајдоа и одзедоа пакување со кокаин. Против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2022 околу 22.20 часот, во присуство на нивните родители, во Полициската станица Тетово биле повикани двајца малолетници, едниот од Тетово и другиот од тетовско Лисец, кои половина час пред тоа на Градскиот плоштад во Тетово меѓусебно се расправале и го нарушиле јавниот ред и мир. Притоа, кај малолетникот од Лисец биле пронајдени и одземени нож и метален боксирач. Се расчистува и документира случајот.

На 17.08.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 30 прекршоци, од кои 16 во населено место и 14 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои 1 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непрописно престигнување, 1 за некористење сигурносен појас и 2 за непрописно паркирање.

На 17.08.2022 во 19.15 часот пријавено е дека на магистралниот пат Штип – Делчево, кај место викано „Чифлички бунари“, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „јамаха“, со бугарска национална ознака, управуван од С.Х.(50) од Кочани и патничко возило „опел вектра“, со кочански регистарски ознаки, управувано од С.С.(67) од Кочани. По несреќата возачот на мотоциклот бил пренесен во болницата во Кочани за укажување на лекарска помош, каде им подлегнал на повредите. Увид на местото на несреќата извршиле Јавен обвинител и увидна екипа на ОВР Кочани.

Ноќеска (18.08.2022), 00.40 часот, во СВР Тетово пријавено е дека во кругот на гостиварска фабрика на излезот од Гостивар, патничко возило „бмв“, со тетовски регистарски ознаки, управувано од малолетничка од гостиварска Долна Бањица, удрило во паркирано возило виљушкар. Во несреќата, совозачот А.М.(18) се здобил со тешки телесни повреди, а малолетна сопатничка со телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад“, каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 17.08.2022 во 08.30 часот во Полициската станица Центар, А.Л.Н.(48) од Скопје пријавила дека на кеј „13 Ноември“ била касната од куче скитник.

На 17.08.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 14 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон, девет санкции за непрописно престигнување и обиколување...

На 17.08.2022 во 08.00 часот било пријавено дека на ул.„Георги Димитров“ во Скопје, Н.М.(38) од Скопје, додека управувал електричен тротинет, паднал на коловозот. Во несреќата тој се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.08.2022 во 22.20 во Полициската станица Карпош, Д.Ј.(29) од Скопје пријавила дека на кеј на реката Вардар била касната од куче скитник.

На 17.08.2022 во 16.10 часот било пријавено дека во Скопје на автобуска постојка на ул.„Димитрие Чуповски“, автобус „јутонг“, со скопски регистарски ознаки, управуван од В.Б.(52) од Скопје удрил во пешакот Р.С.(70) од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.08.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Д.(32) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански“ бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово денеска (18.08.2022) од 10.00 до 15.00 часот спроведе акциска контрола на мотоциклисти, во која вкупно биле откриени и санкционирани 23 прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-15). Најголемиот број од прекршоците (19) се однесувале на некористење заштитна опрема (ТЕ-5 и ГВ-14), односно кациги, двајца мотоциклисти управувале без положен возачки испит (ТЕ-1 и ГВ-1) и 2(ТЕ) не поседувале осигурителни полиси. При контролата, исто така, санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-3).

На 17.08.2022 по преземени мерки и активности од полициски службеници од ОВР Виница, во полициска станица бил извршен службен разговор со двајца 17-годишници, во присуство на нивните родители, поради постоење основи на сомнение дека ноќта помеѓу 15/16.08.2022 извршиле кривично дело „тешка кражба“ во угостителски објект на градскиот базен во Виница, од каде одзеле поголема количина на производи. Извршен бил претрес на три локации во Виница, при што во домот на едниот малолетник во Виница биле пронајдени и одземени украдените предмети и тие ќе бидат вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против лицата до ОЈО ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.082022 во 11.15 часот било пријавено дека во с.Буковиќ, скопско, во основно училиште по претходна расправија М.Б.(63) од с.Буковиќ (заменик директор во училиштето) физички го нападнал Ш.Д.(50) од с.Чајлане (директор во училиштето). По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.08.2022 во 21.10 часот во Полициската станица Карпош, М.Н.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Васил Чакаларов“ бил каснат од куче скитник.

На 17.08.2022 во 20.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Ј.(82) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков“ бил каснат од куче скитник.

На 17.08.2022 во 11.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.П.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров“ бил каснат од куче скитник.

На 17.08.2022 полициски службеници од полициска станица во Неготино го лишиле од слобода Р.Ш.(39) од неготинско село, поради сторено кривично дело по член 377 став 5 од Кривичниот законик, затоа што постапил спротивно на правосилна судска одлука од Основен суд Неготино, со која му е изречена привремена мерка за заштита на правата од семејно насилство и отишол во домот на семејството. Лицето е приведено во полициската станица и по целосно документирање на настанот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Д.(60) од Струга и И.Ј.(51) од струшкото село Враништа, поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца“. При контрола извршена на 12.06.2022 година кај селото Подмолје, полициските службеници го затекнале првопријавениот при управување такси возило, сопственост на вторoпријавениот, без соодветна лиценца за вршење јавен превоз на патници издадена од надлежен државен орган.

На 17.08.2022 во 18.25 часот на подрачјето на Шуто Оризари полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Ј.(35), затоа што околу 17.00 часот пред продавница на подрачјето на Шуто Оризари од С.Е.(70) со закана одзел производи. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2022 во 11.28 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ било пријавено дека кај нив бил донесен повреден М.И.(60) од Скопје. Според пријавеното, тој со повреди се здобил при работа во фирма на подрачјето на Аеродром. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото и известен е трудов инспектор.

На 17.08.2022 околу 16.20 часот во Скопје полициски службеници од СВР Скопје го привеле К.Ф.(30) од с.Студеничани, скопско, затоа што околу 15.30 часот физички нападнал вработен во Одделението за управни работи Скопје на подрачјето на Центар. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2022 во СВР Охрид е пријавено дека во 06.00 часот водите на Охридско езеро, на околу 10 метри од плажата „Св.Наум“, покрај пристаништето, била пронајдена рачна бомба од постар временски период. Бомбата е безбедно подигната од пиротехничари од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 17.08.2022 во 20.30 часот полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Исток и ОВР Свети Николе во атарот на с.Стањевци, светиниколско, пронашле 57 лица мигранти од Сирија, Пакистан и Конго. Лицата се пренесени во Прифатно-транзитен центар Гевгелија за понатамошна постапка.

На 18.08.2022 во 01.20 часот П.С.(33) од Скопје пријавил дека на 17.08.2022 околу 22.10 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од В.М.. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.08.2022 во 14.00 часот Б.Б.(25) од Скопје, пријавил дека околу 00.40 часот пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од В.Х. и од уште едно лице кое употребило тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.08.2022 во 00.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека во болницата „Аџибадем Систина“ бил донесен повреден Л.Г.(20) од Косово. Според пријавеното, тој со повреди се здобил во близина на Железничката станица каде бил физички нападнат од неколку лица кои употребиле тврди предмети бил. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет